**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-213/3**
**15.02.2024 година**
**Тетово**

**ООУ„Симче Настовски “ – с.Вратница**

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | ООУ„Симче Настоски“ – с. Вратница |
| **Датум на интегрална евалуација:** | На 09, 10 и 12.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 1 Полошки регион/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Климентина Трпчевска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Јегуновце |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 186 |
| **Полова структура на ученици:** | 97машки, 89женски |
| **Број на наставници:** | 33 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Жаклина Богојеска |
| **Директор на училиштето:** | Деан Трпески |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26-28 март 2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. „101 “ бр. бб с.Вратница |
| **Телефон:** | 044 451 008 |
| **Факс:** | 044 451 008 |
| **e-mail:** | simcenastovski@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар (3,08) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 09.10 .2023 година до 12.10.2023 година, тим од три државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Симче Настоски “ – с.Вратница спштина Јегуновце. Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето. При спроведување на тридневната интегрална евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно –образованиот процес, примената на законските и подзаконските прописи и други акти во училиштето. Исто така, при реализаицијa на фазата за имплементација, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученичката заедница , разговори со група на ученици и наставници по стручни активи и со дел од членовите на тимвите кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето, и прегледана е педагошката евиденција и документација што се води во училиштето.

За реализација на наставата во ООУ „Симче Настоски““ с. Вратница општина Јегуновце, се применуваат наставниот план за деветгодишно основно образовани и наставните програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука. Во училиштето од I- VI – то одделение се реализира настава по Концепција за основно образование. Во поголем дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, инклузивноста и унапредувањето на процесот на сензитивност за меѓуетничка интеграција и интеркултурализам. Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има 2 (двајца) ученици со посебни образовни потреби инсклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим со одлука со архивски број 03-170/1 од 05.09.2022 година и посебни инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. Во рамки на училиштето формиран е и Центар за поддршка на учењето на ученици со попреченост со Решение со деловоден број 02-180/1 од 31.08.2020 година Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности, според својата желба и по сопствен избор. Училиштето е вклучено во проекти на Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и МЦГО за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Во училиштето се релизираат и други проекти, односно Нов концепт на граѓанско образование, Превенција од насилно однесување во основните училишта, Училиште на 21-ви век, Интеграција на еколошко образование во македонскиот образовен систем, Вело училиште и други. За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.302200160000868 од 29.12.2016 година донесено од Централниот регистар на РСМ има регистриран училишен спортски клуб „Симче Настоски “.Училиштето има склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција ООУ„Илинден“ општина Крива Паланка и ООУ” Фаик Коница” с.Доброште но исто така реализира и активности со етнички мешани групи на ученици помеѓу одделенијата од мешан етнички состав во рамки на училиштето.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по етничка припадност и паралелки. Училиштето редовно изготвува полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4.25, во учебната 2021/2022 година изнесува 4,13 а во 2022/2023 година изнесува 4,17 од што се забележува незначителни промени односно осцилации Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за

ученици кои имаат потешкотии тешкотии во учењето според потребите на учениците. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари.. Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација.. Наставниците изготвуваат планирања (глобалните, тематско-процесните и оперативни планирања за наставен час, неделни планирања и сценарија во одделенијата кои работаат по Концепцијата за основно образование) и истите ги доставуваат кај училишниот психолог на почетокот на учебната година. Во мал дел од планирањата застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети. Од посетата на часовите, во наставниот процес се забелжува речиси исти приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците, односно кај поголем дел од наставниците при реализација на наставата отсуствува диференцираниот пристап. Во училиштето постои функционална ИКТ технологија, и најголем дел од наставниците се обучени за примена на информатичката технологија во наставата.

Поголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку се појави таков случај. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби. Училишниот простор во централното и во подрачните училишта е безбеден за одвивање на наставата. Во училиштето има 2(двајца) вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации , има план за евакуација и има изведено симулација за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди, односно има извршена вежба за евакуација при предизвикан пожар Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи и вакцинација за учениците а исто така во училиштето се вршат систематски прегледи на сите вработени. Училиштето нема осигурителни полиси за осигурување за објектите , но има полиси за осигурување за учениците и осигурителни полиси за осигурување на вработените Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родители, донатори и други училишта. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции. Раководниот и наставничкиот кадар, играат клучна улога во одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците,другите вработени,родителите и посетителите на училиштето Вработените и учениците се залагаат за негување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, покажуваат почит кон различните култури и традиции, придонесуваат за родовата еднаквост, и поттикнуваат активности од мултиетнички карактер. Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и вонннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Во однос на сместувањето и искористеност на просторот може да се констатира дека училиштето

максимално ги користи расположивите капацитети за реализација на воспитно образовниот процес. Фискултурна сала во училиштето нема а наставата по предметот Физичко и здраствено образование се изведува на надворешните спортски терени во централното училиште во с.Вратница и во ПУ с.Јажинце а во останатите подрачни училишта на дворните површини од училштата .Во централното училиште има една просторија приспособена за изведување на настава по предметот Физичко и здраствено образование,но истата е со нестандардни димензии за спортска сала Наставните средства и материјали кои се употребуваат за реализација на наставниот процес потребно е перманентно да се обновуваат, согласно современите наставни потреби.Извесните обновувања од поново време се од разни донации и проекти Според стручната подготовка наставниот кадар скоро целосно е соодветен. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за состојбата со училишниот буџет и неговото наменско трошење. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.Работата на училишниот одбор е транспарентна. Членовите на училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со В.Д директорот е добра.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со деловоден број 0202-78/1 од 26.04.2023 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со бр,уп1 18-276 од 19.09.2023 год, Училиштето има изготвено Самоевалуација со деловоден број 03-150/2 од 31.08.2022 година и Развојна програма за работа со деловоден број 0201-348/2 од 07.12.2020 година, За учебната 2023/2024 година, училиштето има донесено Годишна програма за работа со деловоден број 0102-175/1 од 11.08.2023 година и истата е навремено доставена до Совет на Општина Јегуновце . Училиштето има изготвено годишен извештај за работата за учебната 2022/2023 година со деловоден број 0102-161/2 од 07.07.2023 година.

Од увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на спроведување на интегралната евалуација во училиштето, како и од разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Симче Настовски “ општина Јегуновце се оценува со **добар (3,08)**[1].

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „Симче Настоски “с.Вратница (централно училиште) општина Јегуновце е општинско училиште које се наоѓа во с.Вратница Во централното училиште се образуваат и воспитуваат ученици од прво до девето одделение на македонски наставен јазик во 7 паралелки и 2 комбинирани паралелки..Во училиштето има Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Во состав на училиштето работат 5 подрачни училишта и тоа :ПУ с.Старе Село каде наставата се реализира на македонски наставен јазик во една комбинирана паралелка ,ПУ с.Јажинце каде наставата се реализира на албански наставен јазик во девет паралелки ,ПУ с.Рогачево. каде наставата се реализира во 2 комбинирани паралелки на македонски наставен јазик,ПУ с.Горно Орашје каде наставата се реализира на албански наставен јазик во една паралелка и две комбиниран паралелки, ПУ с,Долно Орашје каде наставта се реализира на настава на албански наставен јазик. една комбинирана паралелка Училиштето работи од 1945 година со потврда од Собрание на Општина Тетово бр.11-06-11-777/15 од 09.12.1969 год.Верифицирано е за дејноста основно образование со акт на верификација бр.16-6983/2 од 1985 година од Општински комитет за образование ,култура и физичка култура при Собрание на Општина Тетово.Со актот на верификација се опфатени и подрачните училишта освен ПУ с.Рогачево кое е верифицирано со акт на верификација бр.10-54/3 од 8.01.2007 год.

Училиштето е запишано во Централен регистар со број 302201600000010 од 12.01.2016 год, со даночен број:4028973109568, матичен број:4034945 и жиро сметка: 731010733190315.

Училишните објекти каде се изведува наставата се во добра состојба ,Располага со доволен број на училници и поради тие причини наставата се изведува во една смена и во централното и во подрачните училишта, Во учебната 2022/2023 година, наставата ја следат вкупно 186 ученици од кои 97 машки и 89 женски.Наставата во училиштето ја реализираат 33 наставници од кои 31 наставници се со високо образование, 2 наставници имаат завршени мастер студии, 2 наставници со вишо образование и 1 наставник има несоодветно образование. На неопределено работно време се 20 наставници и 13 наставници на определено работно време. Според полот 23 се жени и 10 се мажи, а според етничката припадност 16 се македонци, и 17 наставници се албанци. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат стручни соработници вработени во училиштето односно психолог и спцијален едукатор рехабилитатор.Вработени во библиотеката се две наставнички кои имаат фонд од десет часа а останатото работно време библиотекар. .Вкупно во централното и подрачните училишта има 28 училници ,5 кабинети,2 библиотеки ,1 медијатека и 9 канцеларии и административни простории. Поради голем број на училници наставата во училиштето се одвива во една смена. Фискултурна сала во училиштето нема.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

За реализација на наставата во ООУ „Симче Настоски““ с. Вратница општина Јегуновце, се применуваат наставниот план за деветгодишно основно образовани и наставните програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми

обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Во училиштето од прво до шесто одделение се реализира настава по Концепција за основно образование. Во учебната 2020/2021 година наставата се организирала согласно со План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и во согласност со Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно- образовниот процес со физичко присуство на учениците.

Во учебната 2021/2022 година наставата се организирала согласно со План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година и во согласност со Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно- образовниот процес со физичко присуство на учениците. Наставниците своите глобални, тематски планирања и оперативниот план за час за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на Наставниот план и наставните програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава. Во поголем дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, инклузивноста и унапредувањето на процесот на сензитивност за меѓуетничка интеграција и интеркултурализам.Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, и преку интернет страната на училиштето.

Во училиштето има 2 (двајца) ученици со посебни образовни потреби инсклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим со одлука со архивски број 03-170/1 од 05.09.2022 година и посебни инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. За инклузираниот ученик се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ. Во рамки на училиштето формиран е и Центар за поддршка на учењето на ученици со попреченост со Решение со деловоден број 02-180/1 од 31.08.2020 година

Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборни наставни предмети. Училиштето нуди можност преку анкетни листови односно прашалници каде се понудени неколку изборни предмети, учениците да изберат предмет кој сакаат да го изучуваат. Учениците кои следат настава по Концепцијата за осново образование изборот го вршат во согласност со Водич за слободни изборни предмети во основно образование и во согласност со Концепцијата за основно образование. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Во ООУ „Симче Настоски“ с.Вратница општина Јегуновце функционираат 3 (три) стручни активи и тоа: стручен актив на одделенски наставници, стручен актив на предметни наставници и стручен актив на наставнции кои работат со ученици со поперченост. Стручните активи соработуваат и работат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава кои планираат и реализираат настава според Концепција за основно образование. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови.

Во годишната програма на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и крактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на

значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања според наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. При изработката на годишните планирања, тематските планирања, неделните планирања на наставнциите кои релизираат настава според Концепцијата за основно образование, постои соработка во активите и помеѓу активите. Кај поголем дел од наставниците планирањата според квалитетот се на добро ниво. Во училиштето не постојат примери за прибирање и разгледува мислења за наставните планови и програми, како и учебниците. од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот. Училиштето поседува докази за реализирани активности во рамки на меѓуетничка интеграција и унпредување на интеркултурализмот .

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување се прибираат од страна на училишниот психолог, а реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми.Меѓупредметните цели како што се: развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права како и свест за припадност на својата земаја се застапени и интегрирани во рамки на програмите кои се реализираат кај дел од наставните предмети.Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми . Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Воннаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. За учениците од одделнска настава функционираат следните секции: рецитаторска, драмска, литературна, ликовна, ритмичка и еколошка, а за учениците од предметна настава: математчка, драмска, литературна, историско-географска, спорт, ритмичка, еколошка и сообраќајна. Училиштето имаа склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција ООУ„Илинден“ општина Крива Паланка и ООУ Фаик Коница с.Доброште , но исто така реализира и активности со етнички мешани групи на ученици помеѓу одделенијата од мешан етнички состав во рамки на училиштето.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според својата желба и по сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето се планираат активности за подигнување на еколошката свест кај учениците од најмала возраст преку реализиацијa на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди. Училиштето поседува и докази за реализација на истите, а функционираат и еко-одбор и еко патроли.

Учениците кои покажуваат особен интерес и можности по одредени области со помош и поддршка од училиштето како и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2020/2021 година учниците освоиле 1 (едно) прво место и 2 (две) втори места на регионален натпревар – Кенгур. Во учебната 2021/2022 година учениците на општински натпревар по Географија освоиле 1 (едно) прво место и 1 (едно) второ место, 1 (едно) второ место на регионален натпревар по Географија, 7 (седум) втори места на регионален натпревар Кенгур, 1 (едно) трето место во Шах на регионален натпревар и 3 (три) трето место на државен натпревар – Кенгур. Во учебната 2022/2023 гоидна учениците освоиле 2(две) втори места на општински натпревар по Биологија и 3(три) трети места на општински натпревар по Природни науки, 4 (четири) први места на регионален натпревар – Кенгур, 8(осум) втори места на регионален натпревар-Кенгур, 1 (едно) трето место на регионален натпревар по Природни науки, 1(едно) трето место на регионален натпревар по Биологија и 1 (трето) место на регионален натпревар – Кенгур, како и 6 (шест) ученици освоиле прво место на државен натпревар – Кенгур и 1 (еден) ученик освоил второ место на државен натпревар-Кенгур.

Училиштето е вклучено во проекти на Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и МЦГО за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Во училиштето се релизираат и други проекти, односно Нов концепт на граѓанско образование, Превенција од насилно однесување во основните училишта, Училиште на 21-ви век, Интеграција на еколошко образование во македонскиот образовен систем, Вело училиште и други.За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, интернет страната на училиштето и брошури.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината. За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.302200160000868 од 29.12.2016 година донесено од Централниот регистар на РСМ има регистриран училишен спортски клуб „Симче Настоски “.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по етничка припадност и паралелки. Училиштето редовно изготвува полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4.25, во учебната 2021/2022 година изнесува 4,13 а во 2022/2023 година изнесува 4,17 од што се забележува незначителни промени односно осцилации. Училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.Сите ученици во последните три учебни години имаат примерно поведение.

Погоем дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии тешкотии во учењето според потребите на учениците. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има 2 (два) ученици со посебни образовни потреби инклузиран во редовната настава. Учениците се со мислење и категоризација од соодветна институција и иститe се оценуваат согласно изготвениот Индивидуален образовен план. Училиштето има идентификувано и ученици со потешкотии во учењето. Постигањата на овие ученици се следат од страна на наставниците и стручните соработници во училиштето.

Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование. Училиштето има интерен акт/правилник за избор на ученик на генерација, а за учениците на генерација од училиштето најчесто добиваат дипломи, пофалници, книги и слично. Согласно наведениот интерен акт, училиштето објавува интерен оглас со конкретни критериуми за избор.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Јегуновце за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. Согласно со истата, ООУ„Симче Настоски“ с.Вратница општина Јегуновце ги опфаќа децата кои живеат во с.Вартница, а во подрачните училиштаво с.Сатре Село, с.Рогачево, с.Јажинце, с.Горно Орашје и с. Долно Орашје опфатени се децата кои живеат во подрачјето на наведените села. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, Комисија за запишување на деца во прво одделение со надминатаа возраса граница, доставува покани до родители, врши посети на семејства и остварува соработка со локалната заедница. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на ученици изнесува 210 ученици од кои 65 ученици настава следат на македонски наставен јазик и 145 ученици кои настава следат на албански наставен јазик распоредени во 24 паралелки, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 199 ученици од кои 62 ученици настава следат на македонски наставен јазик и 137 ученици кои настава следат на албански наставен јазик распоредени во 24 паралелки, во учебната 2022/2023 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 195 од кои 61 ученици кои настава следат

на македонски наставен јазик и 134 ученици кои настава следат на албански наставен јазик распоредени во 24 паралелки, и во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 186 ученици од кои 63 ученици кои настава следат на македонски наставен јазик и 123 ученици кои настава следат на албански наставен јазик распоредени во 24 паралелки.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните три учебни години се забележува тенденција на намалување на изостаноците. Бројот на изостанувања од настава на учениците во учебната 2020/2021 година е 2468 односно 2341 оправдани и 127 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 11,8, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на изостаноци е 2922 односно 2788 оправдани и 134 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 14.6, и за учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 1500 односно 1421 оправдани и 79 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 7.7. Училиштето има изготвено анализа на изостаноци според пол и етничка припадност.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Советувањето на родителите го врши психологот во училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Најчести причини за советување на родителите се: намален успех и несоодветно однесување. Во учебната 2020/2021 година реализирани се 1 (едно) индивидуално советување на родител и 1(едно) индивидуално советување на ученик,, во учебната 2021/2022 година биле реализирани 6 (шест) советувања од кои сите се групни советувања на родители и ученици, додека пак во учебната 2022/2023 година се реализирани вкупно 7 (седум) советувања и сите се групни советубања на родители и ученици. Според статистиките и анализите кои ги приложи училиштето може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за која училиштето поседува податоци. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години вкупно 10 ученици се испишани од ова училиште, но и 4 учениции се запишани односно дојдени од друго училиште, а по учебни години: во учебната 2020/2021 се испишале 6 ученици а се запишал 1 ученик од друго училиште, во учебната 2021/2022 се испишале 3 ученици и се запишале 3 ученици од други училишта, и во учебната 2022/2023 се испишал 1 ученик. Испишувањето, но и запишувањето на учениците е поради промена на местото на живеење.

### 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција и документацијата, како и од увидот во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на последните три учебни години, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината.

Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат слаби оценки по некои наставни предмети, и повремено се преземаат активности за подобрување на успехот на крајот на учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Наставниците изготвуваат планирања (глобалните, тематско-процесните и оперативни планирања за наставен час, неделни планирања и сценарија во одделенијата кои работаат по Концепцијата за основно образование) и истите ги доставуваат кај училишниот психолог на почетокот на учебната година. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и училишниот психолог. Во училиштето има воспоставена процедура за следење на планирањата од страна на директорот и стручната служба, а училиштето води евиденција за доставените планирања.

Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето. Раководниот тим на училиштето ги следи и има утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците. Во училиштето постои соработка и размена на искуства и идеи кај наставниците при подготовката на нивните планирања во стручните активите, а соработката е најистакната во одделенска настава.

Поголемиот дел од планирањата на наставниците ги содржаат неопходните елементи за организација и реализација на часот. Наставниците ја планираат редовната настава, додадтна и дополнителна настава како и воннаставни активности како и домашна работа и при нивна реализација истите се евидентираат во електронскиот дневник на паралелката. Во рамки на планирањата дефинирани се и критериуми за оценување на учениците.

Наставниците кои реализираат настава во паралелките каде настава следат учениците со посебни образовни потреби, изготвуваат индивидуален образовен план и истите се изготвени во соработка со Училишниот инклузивен тим. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници, и се врши посета на часови.

Дневните планирања на наставниците ги содржат целите на наставата. Училиштето имаразвиено систем за детектирање на ученици со потешкотии во учењето и талентирани ученици, но во планирањата делумно се планирани диференцирани цели и диференцирани активности, со исклучок на наставниците кои релизираат настава со учениците со посебни образовни потреби. Дневно оперативните планирања односно сценаријата за наставен час се усогласени со тематските планирања.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, а во училиштето функционираат три стручни активи и тоа: стручен актив за одделенска настава, стручен актив на предемтни наставници и стручен актив на наставници кои работаат со ученици со попреченост. Во мал дел од планирањата застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови се изготвува од страна на одговорен наставник и е направен според просторните и кадровските можности на училиштето, бидејќи училиштето има и подрачни училишта. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Поголем дел на наставниците во електронскиот дневник ги евидентираат дополнителната и додатната настава и другите активности.

## 3.2 Наставен процес

За време на интегралната евалуација извршена е посета на наставни часови кај најголем дел од наставниците.

Наставници користат различни форми и методи во наставата. Наставниците од одделенска настава користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа. Од посетата на

часовите, во наставниот процес се забелжува речиси исти приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците, односно кај поголем дел од наставниците при реализација на наставата отсуствува диференцираниот пристап.

Во училиштето постои функционална ИКТ технологија, и најголем дел од наставниците се обучени за примена на информатичката технологија во наставата. Училиштето располага со 10 проектори, 4 смарт табли, 7 принтери, 28 лап топ компјутери, и 35 лап топ компјутери за одделенска настава 27таблети за ученците, 9 асистивни уреди за учениците со попреченост, монитор кој функционира со допир, Интернет има во целото училиште. Во планирањата, наставниците имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на информатичко-комуникациска технологија, но мал дел релизираат настава со примена на ИКТ.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и најчесто поврзани со работата на учениците за време на часовите. Дел од учениците користат различни извори и ресурси за учење.Поголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку се појави таков случај.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, и истата се применува, а секој наставник се посетува просечно по два пати во текот на учебната година од директорот и психологот на училиштето. Наставниците - приправници се посетуваат често и од страна на нивните ментори. Евиденцијата од посета на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час како и посебни формулари со извештај за следење, помош, и сугестии за приправникот.

Кај поголем дел од наставниците, за време на наставниот процес преовладува интерактивна настава. Учениците се вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Интеракцијата на релација наставник-ученик и ученик – ученик е застапена.

Реализацијата на ЕКО проектот е според планирањата. Дел од наставниот кадар се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Повеќето од наставниците имаат планирано реализација на еко содржини во наставниот процес. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се ученици и наставници и лица од техничкиот персонал.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на на нашата држава. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините кои им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот. Од посетата на часовите поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања. Наставниците не ги искажуваа слабите страни на учениците пред другите ученици.

Голем дел на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу учениците. Учениците заеднички работаат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето се идентификуваат образовните потреби на учениците од страна на наставниците и психологот, и се преземаат активности за помош и поддршка во процесот на успешно усвојување на материјата согласно со нивните можности, компетенции и потреби.Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење а поголем дел од наставниците не изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.За подршка на учениците со посебни образовни потреби работаат и посебните иклузивни тимови за секој ученик кој работи според индивидуален образовен план со планирани активности согласно потребите и можностите на учениците со попреченост.Во училиштето се планира дополнителна и додатната настава, и истата се реализира во според потребите на учениците.

Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека учествуваат во воннаставни активности и секции што ги организира училиштето.Училиштето ги препознава талентираните и надарените ученици. Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, а не се работи континуирано во текот на цела година.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето го применува правилникот за оценувањето и напредувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување. Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат методи и инструменти за оценување преку кои го следат и оценуваат напредокот на учениците. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проектни задачи, наставни ливчиња и слично. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Учениците со посебни образовани потреби се оценува според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите дефинирани во Индивидуален образовен план за секој од учениците, а во соработка со Инклузивниот тим. Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Поголем дел од наставниците даваат повратна информација. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Наставниците ги користат информацииите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има изграден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката, како и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, индивидуални средби и групни средби со родителите. До родителите се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди.

За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а најголемиот број на родители имаат пристап до него.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор во централното и во подрачните училишта е безбеден за одвивање на наставата. ПУ .Јажинце не е оградено. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедноста на учениците во училишните простории и училишниот двор. Инфраструктурата во централното училиште и во подрачните училишта е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи, во училиштето има 2(двајца) вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. Училиштето има обезбедено 6 сандачиња за прва помош. Училиштето располага со, интернет мрежа и громобранска инсталација. Во училиштето има 2 хидранти во централното училиште во с.Вратница и 2 хидранти во подрачното училиштево с.Јажинце и 15 ПП апарати и истите се сервисирани од овластена фирма и имаат важност до 22.03.2024 год.

Училиштето нема осигурителни полиси за осигурување за објектите , но има полиси за осигурување за учениците и осигурителни полиси за осигурување на вработените Акционерско друштво за осигурување Винер-Виена Иншуренс Груп Скопје до 19.11.2023 год, Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар .За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации , има план за евакуација и има изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди односно има извршена вежба за евакуација при предизвикан пожар изведена на 15.11.2021 година. Училиштето има изготвено програма за спречување на насилството во училиштето.

Во училиштето има пишани документи, односно има Куќен ред и Кодекс на однесување за сите структури во училиштето во кои се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни места. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било кого и училиштето има механизми за справување со таквите појави. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за взаемно почитување, рамноправност и правата на децата. Проектите кои се спроведуваат во училиштето влијаат за подобрување на меѓусебната доверба, запознавање, дружење и развивање на демократските односи.

Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од објекти што се во непосредна близина на училиштето. Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска поддршка од доброволни донации.Училиштето има пристапна рампа во централното училиште во с.Вратница, ПУ с.Горно Орашје и ПУ с.Долно Орашје но нема во ПУ с.Рогачево ,с.ПУ с.Старе Село и ПУ с.Јажинце.Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот ,но нема посебни тоалети и лифт.

## 4.2 Здравје

Тоалетите во централното училиштете се реновирани и чисти, хигиената се одржува на добро ниво.Во подрачните училишта тоалетите се чисти и хигиената се одржува на добро ниво..Во училиштето нема функционален тоалет за ученици со посебни потреби Во ПУ с.Орашје има потреба од нови тоалети ,односно истите да се поврзат со

училишната зграда.. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат два пати во секое полугодие. Дворот во централното и подрачните училишта е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува и хортикултурно и естетски е уреден.Дворот во ПУ.Јажинце не е ограден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. На почетокот на учебната 2023/2024 година е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи и вакцинација за учениците а исто така во училиштето се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ “МЕДИКА ЦЕНТРЕ “- Тетово со Договор бр. 292 од 05.09.2023 година. Во училиштето се организираат предавања за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или други заболувања. Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман во договор со родителите.

Согласно воспоставените Еко – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручните соработници и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот за понатамошно образование. Во соработка со средните приватни и државни училишта од полошкиот регион во училиштето се изведуваат презентации, или пак се покануваат на отворените денови кои ги организираат училиштата Со учениците кои имаат емоционални проблеми во континуитет се разговара со нив и нивните родители, при што советодавно се делува на учениците и на родителите. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручната служба(психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) се јавува во улога на советодавен орган за оние родители кои имаат потешкотии со однесувањето на своите деца или пак чуствуваат немоќ во воспитното делување, соодветениот авторитет или пак не поседуваат доволно капацитет и знаење да се справат со одредени проблеми.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар уредно и континуирано води е-дневник. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во е-дневникот на паралелката , евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу класните раководители, стручните соработници и В.Д директорот на училиштето. Во мал број на случаи интересот на родителите за постигањата учениците не е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници,

директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

# 5. Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Општинското основно училиште „Симче Настоски “,с.Вратница , општина Јегуновце , се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето е со изграден углед и имиџ. Имиџот се гради преку квалитетот на работа, постигањата на учениците во различни области, како и освоените награди на општинско, регионално и на државно ниво. Училиштето има сопствена визија и мисија и истите се на добар пат за нивно исполнување

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале сите структури, а при негово усвојување е спроведена демократска процедура со учество на сите структури, на кои се однесуваат принципите и правилата на однесување. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со Кодексот на однесување и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправност на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето, постои професионална соработка меѓу вработените.Раководниот и наставничкиот кадар, играат клучна улога во одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците,другите вработени,родителите и посетителите на училиштето.Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и за создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Дисциплината на вработените и учениците е добра. Правилникот за изрекување педагошки мерки, соодветно се применува.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Вработените се позитивен пример за учениците, кои авторитетно и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што се подобрува квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето го почитува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученичкки парламент кој учествува, но не доволно, во донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Ученичкиот парламент во реализација на својата програма, добива поддршка од училиштето. Учениците навреме и целосно се информирани за сите работи што се од нивен интерес. Училиштето има партнер училиште за реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието: ООУ “Илинден” од Крива Паланка и ООУ“ Фаик Коница“ с.Доброште со изготвена програма и план за конкретни активности кои се во прилог на Годишната програма . Тимот за МИО заедно со учениците кои наставата ја следат на македонски и албански наставен јазик реализираат голем број на зеднички проекти и интегрирани часови по одредени наставни предмети.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата и етничката припадност и има еднаков третман на учениците со различни способности. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето,посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родители, донатори и други училишта.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето, како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето има изготвено правилник за избор на ученик на генерација со критериуми за избор. Училиштето на крајот од учебната година, на Наставнички совет, на предлог од страна на класните раководители, прогласува и наградува ученик на генерација .

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локална заедница и пошироко. Учениците учествуваат на организирани манифестации, проекти и натпреварувања. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето планира и реализира заеднички наставни и вонnаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема бројни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на работа на училиштето на сите нивоа. Од разговори водени во училиштето, со наставниците и членовите на Училишниот одбор и членовите на Советот на родители, се доби впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето е добра. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите, преку организирање индивидуални родителски средби .Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии и други воннаставни активности. Комуникацијата со родителите во училиштето се остварува секојдневно. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на

училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.Има примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница и има добра соработка со невладиниот сектор.

# 6.Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставата во ООУ„Симче Настоски “ – с.Вратница се изведува во шест училишни обекти и тоа : Централно училиште –тип тврда градба со вкупна површина од 1215 м2 ,училишен двор од 3891 м2 спортски терени 2200 м2 ,озеленета површина 1691 м2.Во ПУ с.Јажинце –тип тврда градба ,вкупен простор 900 м2 ,со двор 2500 м2.ПУс.Горно Орашје тип –тврда градна од 75 м2 и двор од 350 м2 е тврда градба со површина од 126 м2 и дворна површина 500 м2.ПУ.с.Рогачево –тип тврда градба од 124 м2 двор од 100 м2 ПУс.Старе Село –тип тврда градба од 135 м2 и училишен двор од 100 м2,ПУс.Долно Орашје тип –тврда градба од 75 м2 и двор од 350 м2..Фискултурна сала во училиштето нема а наставата по предметот Физичко и здраствено образование се изведува на надворешните спортски терени во централното училиште во с.Вратница и во ПУ с.Јажинце а во останатите подрачни училишта на дворните површини од училштата.Во централното училиште има една просторија приспособена за изведување на настава по предметот Физичко и здраствено образование,но истата е со нестандардни димензии за спортска сала . Вкупно во централното и подрачните училишта има 28 училници ,5 кабинети,2 библиотеки ,1 медијатека и 9 канцеларии и административни простории. Поради голем број на училници наставата во училиштето се одвива во една смена.

Училиштето има план и распоред за максимално користење на расположивите просторни капацитети. Во училиштето наставата ја следат вкупно 186 ученици на 2 наставни јазици и тоа:на македонски наставен јазик и албански наставен јазик.Во однос на сместувањето и искористеност на просторот може да се констатира дека училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за реализација на воспитно образовниот процес.Во ПУ во с.Орашје има потреба од нови санитарни чворови – поврзување со училишната зграда.Училишните згради се затаплуваат со сопствено парно греење и тоа на следниов начин:во централното училшите со пелети, во подрачното училиште во с.Јажинце на нафта и во подачното училиште во с.Орашје на дрва . Во останатите подрачни училишта и тоа : ПУ с.Рогачево на ќумбиња на дрва и клима инвертери , во ПУс. Старе Село на ќумбиња на дрва и клима инвертери и во ПУ с.Долно Орашје на ќумбиња на дрва и клима инвертери .

## 6.2 Наставни средства и материјали

Наставните средства и материјали кои се употребуваат за реализација на наставниот процес потребно е перманентно да се обновуваат, согласно современите наставни потреби.Извесните обновувања од поново време се од разни донации и проекти во кои училиштето успешно има конкурирано и училиштето располага со:28 лап топ компјутери,27 таблети,8 лап-топ компјутери за онлајн настава ,4 сервери , 40 монитори со глувче и тастатура ,9 ЛЦД проектори, 4 интерактивни табли,9 комплети за асистивни уреди за ученици со посебни обраовни потреби,4 графоскопи,2 фотокопири 7 принтери и 1 скенер и 35 лап топ компјутери за одеденска настава.Исто така училиштето располага со: глобус, географски и историски карти карти ,шестари ,дрвени ленири ,касетофони, музички инструменти,топки , статичен точак,душеци ,отскочни даски ,разбој,греда и др.Дел од наставните средства и помагала се оштетени и застарени. Потребите од наставни средтсва и материјали секоја учебна година училиштето ги идентификуваи има податоци за нивната редовна набавка и употреба. Се констатира дека по некои наставни предмети снабдувањето на учениците со учебници не задоволуваа. Фокус-групата наставници наведува дека има случаи кога на ниво на стручни активи и Наставнички совет е донесена одлука со кој учебник по одреден предмет ќе се работи,ова не е земено во предвид од страна на Министерсто за образование и наука, бидејќи за истиот предмет

се наметнуваат учебници од друг автор. Од извршените анкетирања со наставниците и учениците,се констатира дека потребата за примена на ИКТ технологијата секој од нив го признава како предизвик и императив на современата настава и дел од нив искажуваат спремност истата да ја користат. Училиштето располага со соодветни и современи средства и помагала за Центарот за подршка на учењето на учениците со попреченост односно има сензорна соба која е опремена со диско топка со рефлектор,трамболина ,тунел за провлекување ,прозирни букви ,прозирни броеви ЛЕД плоча,дрвени едукативни слож,дефектолошки сет сложувалки и др. Во училиштето има 2 библиотеки(една во централното училиште во с.Вратница а другата во ПУ.Јажинце) асекое подрачно училиште поседува мини училишна библотека сместена во една од училниците. Потребата на учениците за лектирни изданија во доволна мера се ипсполнува.За работата на библиотеките има истакнат распоред на работа.Библиотечната евиденција се води во евидентарна книга а има и електронска евиденција Библиотениот фонд вкупно изнесува 5624 лектирни изданија и стручна литература Потребите на училиштето за потрошен материјал уредно и реално се констатираат, но нивното исполнување односно реалната набавка делумно задоволува.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за реализација на наставата , вклучувајќи ги и стручните соработници на училиштето. Наставниот кадар во најголем дел е соодветен и оспособен за работа и е целосно подпомогнат од страна на административно-техничкиот и помошниот персонал на училиштето. Наставата во училиштето ја реализираат 33 наставници од кои 31 со високо образование, 2 наставници со вишо образование а 2 наставници со магистерски студии, Според работниот однос 20 наставници се на неопределено работно време и 13 на определено работно време, според полот 10 наставници се мажи и 23 се жени, според етничката припадност 16 наставници се македонци, 17 наставници албанци и според работно искуство 15 наставници се до 10 година стаж, 9 наставници од 10 до 20 год, 4 од 21 до 30 год и 5 наставници е со над 31 година работно искуство.Во училиштето оваа учебна година нема наставници приправници .

Квалитетот на работата на наставниот кадар е постојан и во најголем број ги дава очекуваните резулати При изборот на кадарот во училиштето не е констатирана родова или друг вид на дискриминација. Наставниот кадар е редовен на работа и истиот ги почитува пропишаните работни задачи.. Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Според стручната подготовка наставниот кадар скоро целосно е соодветен.

Наставниците активно соработуваат меѓу себе во трите стручните активи. Во случаи на одсуство на наставник училиштето настојува да обезбеди соодветна замена или се врши измена на распоредот. Во училиштето има стручна служба и тоа: психолог и специјален едукатор и рехабилитатор која им помага на наставаниците во организација и реализација на наставата, следењето на постигањата на учениците како и давање на советодавна помош при справување со проблемите кои настануваат кај учениците. Стручнните соработници имаат посебна програма за работа која е во прилог на Годишната програма на училиштето.Во училиштето има 2 (давајца) ученици со посебни образовни потреби.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Од посетата на часови се гледа дека поголемиот дел од наставниците со точност ги идентификуваат нивните потреби за стручен и професионален развој. Дел од реализираните обуки на наставниците се избрани соодветно на нивните потреби. Констатирано е дека во

последните 3 години интензитетот на посетените обуки од страна на наставниците е во опаѓање. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.Училиштето ја почитува законската регулативата за професионален развој на наставниот кадар и има план за десиминација на стекнатото знаење.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Финансиското работење на училиштето се реализира согласно законската регулатива од оваа област. Потребно е В.Д директорот и неговите соработници перманентно да ги следат можностите за стекнување на дополнителни финансиски средства, преку изготвување и учество на разни донаторски проекти. Информациите за училишниот буџет и трошоците, на родителите им се достапни преку Советот на родители,но заинтересираноста на родителите потребно е да биде и на повисоко ниво.Книговодството на училиштето уредно се води од страна на соодветното лице. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. На состаноците на училишниот одбор има донесено Финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии и усвоена завршна сметка. Училиштето ги известува за приходите и расходите, а планирањето и трошењето на средствата е транспарентно и исклучиво наменски. Завршната сметка се разгледува и се донесува одлука за нејзино усвојување на седниците на училишниот одбор.

Училиштето врши набавка на потребните количества на основен потрошен материјал преку распишување на тендер за набавки на канцелариски материјал, средства за одржување на хигиена, нафта,пелети,дрва и слично во согласност со Законот за јавни набавки и притоа училиштето има склучено договори со правни субјекти.Материјални трошоции и комунални услуги ги врши Локалната влас преку претходно одобрен финансиски план.За финансиското работење училиштето ги информира Локалната власт и МОН преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

## 7.Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор кој е составен од 7 членови и тоа 3 члена од преставници наставниците,3 члена преставници од родителите и 1 члена преставници од основачот .Работата на училишниот одбор е регулирана со деловник за работа.

Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е добро , со остварен партнерски однос со сите структури. Членовите на училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето и училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето. Членовите на училишниот одбор немаат посетувано обука за подобрување на работењето на Училишниот одбор иако ги знаат своите надлежности дефинирани во законот и Статутот на училиштето.

Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам.

Директорот на училиштето е именуван со Решение за избор на В.Д.директор донесен од основачот, со бр.09-1192/1 од 21,07.2023 год согласно законската регулатива. За својата работа В.Д. директорот има креирано програма, и истата ја реализира. Фокусот на работењето на директорот е унапредување на квалитетот на наставата, континуирано обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти, афирмирање на училиштето и постигањата на учениците .

Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган има визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во воспитно-образованиот процес на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, ја следи работата на наставниците преку прибирање и разгледување на дневно оперативните планирања за реализација на наставен час и посета на часови, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, и воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, и други активности кои се од особено значење за средното стручно образовани.

Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за меѓуетничката интеграција во образованието В.Д Директорот како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, како и со локалната и деловната заедница во општината, и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

### 7.2 Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, како и со начинот на нивно остварување и подобрување и истите учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата и за остварување на планирани активности при остварување на целите.

Училиштето има пишани процедури за донесување училишни политики, и реализира активности и процедури за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Училиштето има развојна програма, развојните цели се конкретизирани, се планираат активности со временска рамка и развојната програма содржи елементи кои упатуваат на имплементација и релизација на целите.

За детектирање на потребите за професионалниот равој на наставниот кадар училиштето има интерни процедури и училиштето работи според однапред изготвена програма за професионален развој со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Училиштето има процедури за утврдување на потребите од обезбедување на нагледни средства или поправка на нагледните средства кои се амортизирани поради долгогодишната употреба.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Соодветна и стручна помош и поддршка на наставниците кои работаат со ученици со попреченост добиени од страна на Центарот за поддршка формиран од директорот на училиште
- Квалитет на изработени планирања
- Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината;
- Воспоставена процедура за избор на ученик на генерација
- Училишната клима и односите во училиштето се на високо ниво
- Раководниот орган на училиштето дава посебен акцент во планирањето организирањето и во реализирањето на училишните политики за меѓуетничката интеграција во образованието
- Раководењето со училиштето е добро

## 8.2 Слаби страни

- Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот недоволно посетуваат дополнителна настава, а исто така и додатната настава се организира нередовно;
- Делумна примена на информатичко – комуникациската технологија во наставата
- Училиштето нема спортска сала
- Училишните објекти не се осигурани
- ПУ .Јажинце не е оградено
- ПУ с.Рогачево ,с.ПУ с.Старе Село и ПУ с.Јажинце немаат пристапна рампа во училиштето

## 8.3 Препораки

- За учениците кои имаат потешкотии при совладување на содржините да се организира и реализира дополнителна настава, а додатната настава да се организира и реализира во соодветен обем за учениците кои се идентификувани како надарени и талентирани и кои имаат потреба од ваков вид на настава при подготовка за натпревари
- Информатичко – комуникациската технологија да се применува во поголем обем при реализација на наставата
- Училиштето да превземе активности за подобрување на реализиацијата на наставата по спорт и спортски активности
- Училишните објекти да се осигураат
- Да се огради ПУ с.Јажинце

- За ПУ с.Рогачево ,с.ПУ с.Старе Село и ПУ с.Јажинце да се обезбедат пристапни рампи

| | |
|---|---|
| **Климентина Трпчевска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Андријана Томевска** , Инспектор | |
| **Гоце Крајчески,** Инспектор | |